29[ти]

Конгрес на Македонско Стоматолошко Друштво
со меѓународно учество (МСД)

**СТОМАТОЛОГИЈАТА ПРЕД ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НОВОТО ВРЕМЕ:**
**МОЖНОСТИ И ОГРАНИЧУВАЊА**

15-18[ти] Септември 2022, Охрид, Хотели Метропол, Република Северна Македонија

# *Карактеристики на имплантација со laser-lok технологија (BioHorizons), водена ткивна и коскена регенерација (GTR/GBR)*

## *- курс -*

## *Имплантологија*



*датум на одржување: 16.09.2022*
*година времетраење: 9:00-16:00 часот*
*сала: Бизнис*

## *ВОДИТЕЛ НА КУРСОТ*



**ПРОФ. Д-Р ДАНИЕЛА ВЕЛЕСКА-СТЕВКОВСКА, PHD**

**Орална хирургија**
**Вонреден професор**
**Катедра за имплантологија, Стоматолошки факултет Скопје, УКИМ, Скопје**



## *ЕДУКАТОР*

**Д-Р СПЕЦ. ДАНЧО БИЗЕВСКИ**

**Орална хирургија**
**Докторанд на докторски студии при УКИМ**
**Директор на ПЗУ Нова Дентал**
**Скопје**

## *КРАТОК ОПИС НА КУРСОТ*

КУРСОТ ЗА ДЕНТАЛНА ИМПЛАНТОЛОГИЈА СО АКЦЕНТ НА БАЗИЧНИТЕ ХИРУРШКИ ПРИНЦИПИ И ДИЗАЈНЕРСКИТЕ РЕШЕНИЈА НА BIOHORIZONS ќе содржи два дела и тоа теоретски и практичен дел. Во теоретскиот дел ќе бидат опфатени следниве теоретски единици:

- АСПЕКТИ НА ИМПЛАНТНИОТ ДИЗАЈН И ИМПЛАНТНАТА ПОВРШИНА (со апсект на карактеристиките на laser-lok имплатните површински модификации)
- ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА СТАБИЛНОСТ НА ИМПЛАНТИТЕ
- ПЛАНИРАЊЕ НА ПОСТАВА НА ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ
- ФЛАП ДИЗАЈН ПРИ ИМПЛАНТАЦИЈА
- ХИРУРШКИ ПРОТОКОЛ НА ИМПЛАНТАЦИЈА, ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МОДЕЛИ
- КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ НА ИМПЛАНТИТЕ
- GTR/GBR ТЕХНИКИ
- ПОРТФОЛИО НА ИНОВАЦИИТЕ ВО ИМПЛАНТОЛОШКИОТ СЕТ НА BIOHORIZONS

По екстракцијата на забите како резултат на кариес, траума или пародонтална болест, субсеквентното заздравување на постекстракционата алвеола резултира со коскени нерегуларности на резидуалниот алвеоларен гребен (редуцирање на висината и ширината). Факторите на коскената ресорпција можат да се поделат на: анатомски, метаболни, функционални и протетски. Постекстракционата алвеоларна ресорпција е сигнификантно повисока во букалните аспекти на двете вилици. Постекстракционото коскено ремоделирање ќе биде поизразено кај клиничките случаи со присутни дехиценции и фенестрации на букалната ламина. Степенот на коскената ресорпција на резидуалниот гребен е правопропорционален со времето кое е поминато по денталната екстракција.
Деформитетите на резидуалниот алвеоларен гребен се класифицирани според морфологијата во три последователни класи.
(The Cologne Classification of Alveolar Ridge Defects -2013).
Во тек на работилницата/курот ќе бидат презентирани и техники на коскена аугментација и презервација на постекстракционата алвеола со посебен акцент на некои современи концепти на апликација на графт материјали и мембрани за GBR/GTR (guided bone and tissue regeneration), акцент на флап дизајн и техниките на сутурирање.

Целта на курсот е да им овозможи на партиципиентите (специјализантите од различни стоматолошки дисциплини), проширување на теоретските знаења како и оспособување и стекнување на практични вештини од областа на имплантолошките и аугментативните техники.

Практичен дел: Во текот на практичната работа за секој партиципиент ќе бидат обезбедени модели со артифициелна гингива, анимални модели, оралнохируршки инструментариум за инцизии и сутури, насадници со карбидни борери, импантолошки сет на BioHorizons со дрилови и тест импланти, Mem-Lok колагени мембрани и партикуларни графт материјали Minner-Oss X, Miner-Oss XP за едукативни цели, конци за сутури за едукативни цели. Потребен простор со опремени работни места со микромотор.

Број на наставни часови:

Теоретски дел -4 часа
Практичен дел -4 часа
Траење на курсот еден ден

Проверка на знаењето преку самостојно изведување на техниката на модели



**АКРЕДИТРАН ОД СКМ СО 11 БОДОВИ ЗА ПАСИВНО УЧЕСТВО И 14 БОДОВИ ЗА АКТИВНО УЧЕСТВО.**

**БРОЈОТ НА УЧЕСНИЦИ Е ОГРАНИЧЕН.**

**ПРАВО НА УЧЕСТВО НА КУРСОТ ИМА СЕКОЈ РЕГИСТРИРАН УЧЕСНИК СО ПЛАТЕНА КОТИЗАЦИЈА ЗА 9 КОНГРЕС НА МСД СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО.**

**ЦЕНА НА КУРСОТ: 10.000 ден.**

Примач: Македонско стоматолошко друштво
Ж. сметка: 300000001914234 - Комерцијална банка АД Скопје
Назнака: за КУРС имплантологија за: (име, презиме, број на лиценца и меил)

**Задолжителна регистрација на msdcongress2022@msd.org.mk за курс и www.msd.org.mk во делот пријава за конгрес за регистрација на конгресот**